# ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА

**Дополнителни права согласно Законите за потрошувачи.** Ако сте потрошувач, ВИЕ може да имате законски (регулирани) права, кои ги дополнуваат правата утврдени во оваа Ограничена гаранција (како што се законите на земјата во која живеете со кои се уредени правата на потрошувачите) („**Потрошувачки права**“). Оваа Ограничена гаранција дефинира одредени ситуации кога BlackBerry ќе обезбеди или нема да обезбеди решение за BlackBerry уредот. Оваа Ограничена гаранција не ги ограничува или исклучува кои било од ВАШИТЕ потрошувачки права во врска со BlackBerry уредот.

**Опфат на гаранцијата на производителот.** Оваа Ограничена гаранција на производителот ги утврдува гаранциските обврски на BlackBerry Limited и неговите партнери („ **BlackBerry** “) во врска со BlackBerry брендираните хардверски производи и додатоците произведени од страна на или во име на BlackBerry („ **BlackBerry уредот**“). BlackBerry му гарантира на вистинскиот краен купувач на нов BlackBerry уред („**ВАМ**“), дека BlackBerry уредот ќе биде без дефекти на материјалите и изработката при нормална употреба во период кој започнува на денот кога ВИЕ ќе го купите и продолжува за време на следниот определен период („**Гарантен период**“) за секој применлив тип на BlackBerry уред. ВИЕ не можете да ја пренесете оваа Ограничена гаранција на друго име.

(i) Гарантниот период за BlackBerry преносливите паметни телефони е една (1) година. Ве молиме контактирајте го дистрибутерот од каде што сте го купиле BlackBerry уредот за да дознаете како да добиете поддршка за корисници за вашиот BlackBerry уред.

(ii) Гарантниот период за BlackBerry Porsche Design паметните телефони е две (2) години. Ве молиме контактирајте со BlackBerry претставник – контакт информации за гаранцијата може да се најдат на www.blackberry.com/gettingstarted.

(iii) Гарантниот период за BlackBerry таблет-уредите е една (1) година. Ве молиме контактирајте со BlackBerry претставник – контакт информации за гаранцијата може да се најдат на www.blackberry.com/gettingstarted.

(iv) Гарантниот период за BlackBerry додатоците, кои вклучуваат хардверски и софтверски компоненти (на пример: Bluetooth уреди, читачи за паметни картички и монтирачки звучници), е една (1) година. Ве молиме контактирајте го дистрибутерот од каде што сте го купиле BlackBerry уредот.

Може да има исклучоци од Ограничената гаранција за одредени BlackBerry модели на уреди или земји - ве молиме погледнете во Прилог 1 на оваа Ограничена гаранција. За BlackBerry уреди што се поправени од или во име на BlackBerry преостанатиот гарантен период (ако има) важи за таквиот поправен BlackBerry уред.

За време на Гарантниот период, ако BlackBerry открие дека уредот BlackBerry е дефектен и дека тоа е покриено со оваа Ограничена гаранција, BlackBerry има апсолутно и дискреционо право:

(i) да го поправи неисправниот дел на BlackBerry уредот без ВИЕ да платите со нови или репарирани делови;

(ii) да го замени неисправниот BlackBerry уред без ВИЕ да платите со друг соодветен нов или репариран производ; или

(iii) ако BlackBerry не може да го поправи или замени BlackBerry уредот како што е предвидено под (i) или (ii), ќе ви ја исплати откупната нето цена која ВИЕ сте ја платиле за BlackBerry уредот.

Ако BlackBerry уредот е поправен или заменет од страна на BlackBerry за време на гарантниот рок, гарантниот рок за поправениот или заменетиот BlackBerry уред ќе истече по истекот на оригиналниот гарантен рок (освен ако од BlackBerry со закон изречно се бара да ВИ обезбеди подолг гарантен рок за поправениот или заменет BlackBerry уред). Секоја гарантна услуга или поддршка обезбедена од или во име на BlackBerry која е опфатена од оваа Ограничена гаранција е условена со враќање на ВАШИОТ BlackBerry уред на BlackBerry овластен сервисер (како што е опишано подолу под „Како да го вратите вашиот BlackBerry уред“). Кога ќе го вратите BlackBerry уредот што е под оваа Ограничена гаранција и ќе добиете друг BlackBerry уред во замена, уредот што сте го вратиле станува сопственост на BlackBerry, а заменетиот уред станува ВАША сопственост. Кога во согласност со оваа Ограничена гаранција се исплаќа паричен надоместок, ВИЕ го враќате BlackBerry уредот на BlackBerry и вратениот BlackBerry уред станува сопственост на BlackBerry.

**Исклучоци од и ограничувања на гаранцијата.** Оваа Ограничена гаранција не се однесува (како што е одредено од BlackBerry):

(i) на потрошните делови на BlackBerry уредот, како што се батериите и заштитната обвивка кои се дизајнирани да се трошат со текот на времето, освен ако оштетувањето е предизвикано од дефект на материјалите или во текот на производството;

(ii) на нормалната употреба и трошење на BlackBerry уредот;

(iii) ако BlackBerry уредот е отворен, изменет или поправан од некој што не е овластен од BlackBerry;

(iv) ако BlackBerry серискиот број на уредот, IMEI бројот или друг број за идентификација е нечитлив или отстранет;

(v) на BlackBerry уред чија штета, нефункционирање или дефект се предизвикани од/или како резултат на:

(а) несоодветно користење, влага или течности, близина или изложеност на топлина, незгода, злоупотреба, небрежност или несоодветна примена;

(б) користење на BlackBerry уредот заедно со додатоци, производи, услуги, софтвер, апликации, или помошна или периферна опрема што не е изречно одобрена или обезбедена од BlackBerry исклучиво за употреба со ВАШИОТ модел на BlackBerry уред;

(в) сè што не е грешка на самиот BlackBerry уред; или

(г) работа или употреба на BlackBerry уредот надвор од применетото упатство за инсталација или стандардната документација за крајниот корисник изготвени и обезбедени од страна на BlackBerry, вклучувајќи ги сите инструкции за безбедност и работа на http://docs.blackberry.com или BlackBerry Решението на договорот за лиценца достапен на http://us.blackberry.com/legal/bbsla.jsp;

(vi) на оштетувања на површината на BlackBerry уредот, вклучително, но не и ограничено на пукнатини, нагмечувања и гребнатини;

(vii) на која било опрема, таблет-уреди или друг хардвер покрај BlackBerry уредот како што е дефинирано во оваа Ограничена гаранција – на пример, не се однесува на ниту една надворешна SIM картичка добиена со купувањето на уредот или на нешто што не е брендирано од BlackBerry и произведено од и во име на BlackBerry; или

(viii) ако не сте во можност да обезбедите доказ за набавката кој докажува дека ВИЕ сте оригиналниот купувач на BlackBerry уредот и ги покажува датумот и местото на оригиналната набавка.

Оваа Ограничена гаранција е само хардверска гаранција што се однесува само на BlackBerry уредот и не покрива никаков софтвер кој е испорачан, веќе вчитан или дистрибуиран од BlackBerry или од која било трета страна, дури и ако софтверот е спакуван и се продава заедно со BlackBerry уредот или е достапен за BlackBerry уредот во некој понатамошен период. Договорите за софтверска лиценца се однесуваат на ВАШАТА употреба на софтверот поврзан со BlackBerry уредот. Софтверската лиценца за софтвер во сопственост на BlackBerry што се доставува со BlackBerry уредот е опишана во важечкиот BlackBerry договор за лиценца на софтвер.

**Правете заштитни копии на вашите податоци.** Треба редовно да правите резервни копии на податоците, софтверот, апликациите и информациите на ВАШИОТ BlackBerry уред како заштита против можни проблеми при работата, вклучувајќи и проблеми пред враќањето на BlackBerry уредот. Правењето резервни копии на податоците е ВАША одговорност, а не е одговорност на BlackBerry, на дистрибутерот преку кој сте го купиле BlackBerry уредот или на овластените сервисери одговорни за сервисирањето, поправката или замената на BlackBerry уредот, вклучувајќи, без ограничување, изгубени или оштетени податоци за време на користењето на софтверот за синхронизација. ВЕ МОЛИМЕ ОТСТРАНЕТЕ ГИ

СИТЕ ПЕРИФЕРНИ УРЕДИ ИЛИ МЕМОРИЈАТА И/ИЛИ СЕКАКОВ ВИД НА ЛИЧНИ ИЛИ ДОВЕРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ ПРЕД ДА ГО ВРАТИТЕ ВАШИОТ BLACKBERRY УРЕД. ЗА ВРЕМЕ НА СЕРВИСИРАЊЕТО, ПОПРАВКАТА ИЛИ ЗАМЕНАТА, СОДРЖИНАТА НА ВАШИОТ УРЕД МОЖЕ ДА БИДЕ ИЗБРИШАНА И/ИЛИ ПРЕФОРМАТИРАНА, ИЛИ ДА БИДЕ КОНФИГУРИРАНА ТАКА КАКО ШТО БИЛА ПРИ ПРВИЧНОТО КУПУВАЊЕ (ПРЕДМЕТ НА ТОГАШНИТЕ АЖУРИРАЊА И НАДГРАДБИ НА СОФТВЕРОТ, ШТО Е ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЛИЦЕНЦА НА BLACKBERRY РЕШЕНИЕТО), А НЕКОИ ОД ПЕРИФЕРНИТЕ УРЕДИ ИЛИ МЕМОРИЈАТА ДА БИДАТ ОТСТРАНЕТИ И ДА НЕ ВИ БИДАТ ВРАТЕНИ. За појаснување, оваа Ограничена гаранција не ги опфаќа заштитата, обновувањето и преинсталирањето на ВАШИТЕ податоци, софтверот или апликациите на BlackBerry уредот.

**Како да го вратите вашиот BlackBerry уред.** Оваа Ограничена гаранција е обезбедена за ВАС од BlackBerry Limited. За да одредите дали на ВАШИОТ BlackBerry уред му е потребен сервис под гаранција и да добиете инструкции за тоа како да го вратите ВАШИОТ BlackBerry уред, ве молиме контактирајте со важечкиот Контакт на гаранцијата за соодветниот BlackBerry уред опишан погоре во делот Опфат на гаранцијата на производителот.

При телефонско јавување на овластениот сервис на BlackBerry или на BlackBerry може да имате трошоци. Можеби ќе се побара од ВАС да помогнете при дијагностицирањето на проблемот на ВАШИОТ BlackBerry уред и/или да доставите доказ за набавка на истиот што ќе потврди дека ВИЕ сте првичниот купувач на BlackBerry уредот и ќе го потврди датумот и местото на првичното купување. Опциите на услугите на гаранцијата, времето на дејствување и трошоците (ако ги има) може да варираат во различни држави. **АКО ВАШИОТ BLACKBERRY УРЕД ГО ВРАТИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ГАРАНТНИОТ РОК, НО BLACKBERRY УРЕДОТ НЕ Е ОПФАТЕН СО ОВАА ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА, МОЖЕ ДА СЕ ПРИМЕНАТ НАДОМЕСТОЦИ И ТРОШОЦИ ЗА КАКВА БИЛО ИЗВРШЕНА ПОПРАВКА ИЛИ ПОСТАПКА**. АКО НЕ ЖИВЕЕТЕ ВО ЗЕМЈАТА КАДЕ BLACKBERRY УРЕДОТ ПРВИЧНО ВИ БИЛ ПРОДАДЕН, ТОГАШ:

(А) МОЖЕБИ НЕ Е МОЖНО ДА СЕ НАПРАВИ ПОПРАВКА ИЛИ ДА СЕ ИЗВРШИ УСЛУГА ОД ГАРАНЦИЈАТА;

(Б) МОЖЕ ДА СЕ ПОБАРА ОД ВАС ДА СЕ СОГЛАСИТЕ СО УСЛОВИТЕ И/ИЛИ ДА ПЛАТИТЕ ОДРЕДЕНИ ТРОШОЦИ (ВКЛУЧИТЕЛНО, НО НЕ И ОГРАНИЧЕНО НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ДОСТАВА И МАНИПУЛАТИВНИТЕ ТРОШОЦИ); И

(В) ГАРАНТНАТА ПОПРАВКА ИЛИ УСЛУГА, ДОКОЛКУ Е ВОЗМОЖНА, МОЖЕ ДА ТРАЕ ПОДОЛГО ОД НОРМАЛНОТО ЗА ДА СЕ ЗАВРШИ ИСТАТА.

**Ексклузивни правни средства. ОСВЕН ДО СТЕПЕН ДО КОЈ НА BLACKBERRY МУ Е СО ЗАКОН ИЗРИЧИТО ЗАБРАНЕТО (ВКЛУЧИТЕЛНО АКО ИМАТЕ И ПОТРОШУВАЧКИ**

**ПРАВА КАКО ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОВАА ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА) ДА ГИ ОГРАНИЧУВА ИЛИ ИСКЛУЧУВА ВАШИТЕ ПРАВНИ СРЕДСТВА ВО ВРСКА СО ВАШИОТ BLACKBERRY УРЕД,** ОВАА ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА ГИ ДЕФИНИРА ВАШИТЕ ЕКСКЛУЗИВНИ ПРАВНИ СРЕДСТВА ЗА ВАШИОТ BLACKBERRY УРЕД И СИТЕ ДРУГИ ГАРАНЦИИ, УСЛОВИ, ИЗЈАВИ ИЛИ ГАРАНЦИИ ОД БИЛО КАКОВ ВИД, БИЛО ИСТИТЕ ДА СЕ ИЗРИЧНИ ИЛИ ДА СЕ ПОДРАЗБИРААТ, ВКЛУЧИТЕЛНО НО НЕ И ОГРАНИЧЕНО НА ИМПЛИЦИРАНИ ГАРАНЦИИ НА ТРГУВАЊЕ, ЗАДОВОЛУВАЧКИ КВАЛИТЕТ И/ИЛИ ПОДГОТВЕНОСТ ЗА ОДРЕДЕНА ЦЕЛ, СО ОВА СЕ ОТФРЛААТ И НЕМА ДА СЕ ПРИМЕНУВААТ ИЛИ ДА ИМААТ КАКОВ БИЛО ЕФЕКТ.

Ограничување на одговорност. **ОСВЕН ДО СТЕПЕН ДО КОЈ НА BLACKBERRY МУ Е СО ЗАКОН ИЗРИЧИТО ЗАБРАНЕТО (ВКЛУЧИТЕЛНО АКО ИМАТЕ И ПОТРОШУВАЧКИ ПРАВА КАКО ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОВАА ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА) ИЛИ АКО ЗЕМЈАТА, ДРЖАВАТА ИЛИ ПОКРАИНАТА ВО КОЈА ЖИВЕЕТЕ НЕ ДОЗВОЛУВА ИСКЛУЧУВАЊЕ ИЛИ ОГРАНИЧУВАЊЕ НА СЛУЧАЈНИ ИЛИ ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ ШТЕТИ,** ВО НИКОЈ СЛУЧАЈ BLACKBERRY ИЛИ КОЈ БИЛО ВО ИМЕ НА ИЛИ СО BLACKBERRY (ВКЛУЧУВАЈЌИ, БЕЗ ОГРАНИЧУВАЊЕ, СЀ ВО ВРСКА СО ПРОИЗВОДСТВОТО, СНАБДУВАЊЕТО, ДИСТРИБУЦИЈАТА, ПРОДАЖБАТА, ПОПРАВКАТА ИЛИ ВРАЌАЊЕТО НА BLACKBERRY УРЕДОТ) НЕМА ДА БИДЕ ОДГОВОРЕН ЗА КАКВА БИЛО ИНДИРЕКТНА, СЛУЧАЈНА, ПОСЕБНА ИЛИ ПОСЛЕДОВАТЕЛНА ЗАГУБА ИЛИ КАКВА БИЛО ШТЕТА (ВКЛУЧУВАЈЌИ, БЕЗ ОГРАНИЧУВАЊЕ, ШТЕТА ЗА ЗАГУБА НА ПРОФИТ, ПРЕКИН НА БИЗНИС, ЗАГУБА ИЛИ КОРУПЦИЈА НА ИНФОРМАЦИИ (ВКЛУЧУВАЈЌИ ПОДАТОЦИ) ИЛИ ДРУГА ПАРИЧНА ЗАГУБА) КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД УПОТРЕБАТА НА ИЛИ НЕМОЖНОСТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА BLACKBERRY УРЕДОТ, ДУРИ АКО И BLACKBERRY ИЛИ СЕКОЈ КОЈ ДЕЛУВА ВО ИМЕ НА ИЛИ СО BLACKBERRY БИЛ ИЗВЕСТЕН ЗА МОЖНОСТА ОД ТАКВА ШТЕТА. ОВА ОГРАНИЧУВАЊЕ Е ПРЕДВИДЕНО ДА СЕ ПРИМЕНУВА И СЕ ПРИМЕНУВА БЕЗ ОГЛЕД ДАЛИ ВАКВИ ОТШТЕТИ СЕ ПОБАРАНИ, ПОТВРДЕНИ ИЛИ ДАЛИ Е ПОВЕДЕНА ПОСТАПКА ЗА БАРАЊЕ ОТШТЕТА ИЛИ БАРАЊЕ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИНА СПОРЕД ДОГОВОР, ГАРАНЦИЈА ИЛИ СОГЛАСНО СО КОЈА БИЛО ПРАВНА ТЕОРИЈА. ОДГОВОРНОСТА НА BLACKBERRY И КОЈ БИЛО ШТО ДЕЛУВА ВО ИМЕ НА ИЛИ СО BLACKBERRY КОН ВАС ЗА ГУБИТОК ИЛИ ШТЕТА ШТО ПОДЛЕЖИ НА ОВАА ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА НЕ ТРЕБА ДА ЈА НАДМИНЕ ВКУПНАТА СУМА ШТО СТЕ ЈА ПЛАТИЛЕ ЗА УРЕДОТ ИЛИ СУМАТА ЗА ЗАМЕНА НА РАСИПАНИОТ УРЕД, ОДНОСНО ОНАА ШТО Е ПОГОЛЕМА. Горенаведеното не треба во никој случај да ја ограничи одговорноста поврзана со смрт или телесна повреда или законската одговорност за намерни пропусти или акти на небрежност.

**Владејачко право.** ЗАКОНИТЕ НА ЗЕМЈАТА, ДРЖАВАТА, ПРОВИНЦИЈАТА ИЛИ ЈУРИСДИКЦИЈАТА ОДРЕДЕНИ ВО ОВОЈ ПАРАГРАФ ЌЕ ГИ РЕГУЛИРААТ:

(А) ОВАА ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА И НЕЈЗИНАТА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА, СЕКОЕ ПРЕКРШУВАЊЕ И ВАЛИДНОСТА НА ОВАА ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА, И

(Б) КАКВО БИЛО БАРАЊЕ, СПОР ИЛИ КОНТРОВЕРЗНОСТ (ДАЛИ ПО ДОГОВОР, ДЕЛИКТ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН, БЕЗ РАЗЛИКА ДАЛИ Е ВЕЌЕ ПОСТОЕЧКА, СЕГАШНА ИЛИ ИДНА И ВКЛУЧУВАЈЌИ ЗАКОНСКИ И ПРАВИЧНИ ПОБАРУВАЊА И ПОБАРУВАЊА ПО ОПШТО ПРАВО) ПОМЕЃУ ВАС И BLACKBERRY КОЈА ПОТЕКНУВА ИЛИ Е ВО ВРСКА СО ОВАА ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА.

ВАЖЕЧКИТЕ ЗАКОНИ НА ЗЕМЈАТА КАКО ШТО СЕ НАВЕДЕНИ ВО ТАБЕЛАТА ПОДОЛУ ТРЕБА ДА СЕ ПРИМЕНУВААТ ВРЗ ОСНОВА НА ТОА КАДЕ ЖИВЕЕТЕ И ДА СЕ ИСКЛУЧИ СЕКАКВО ЗАКОНСКО ТЕЛО ШТО ГИ УРЕДУВА ПРЕКРШУВАЊАТА НА ЗАКОНОТ.

**РЕШЕНИЕ/АРБИТРАЖА НА СПОРОТ**. КАКВО БИЛО НЕСОГЛАСУВАЊЕ ИЛИ СПОР ШТО ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ИЛИ ШТО СЕ ВО ВРСКА СО ОВАА ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА ЌЕ СЕ РЕШАВААТ СО КОНЕЧНА И ОБВРЗУВАЧКА АРБИТРАЖА ВО СОГЛАСНОСТ СО ПРАВИЛАТА ЗА АРБИТРАЖА НАВЕДЕНИ ВО ТАБЕЛАТА ПОДОЛУ ВРЗ ОСНОВА НА ТОА КАДЕ ЖИВЕЕТЕ: (I) МЕСТОТО НА АРБИТРАЖА ЌЕ БИДЕ ЛОКАЦИЈАТА НА АРБИТРАЖАТА, А АРБИТРАЖАТА ЌЕ БИДЕ СПРОВЕДЕНА НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК; (II) БРОЈОТ НА АРБИТРИ ЌЕ БИДЕ ЕДЕН (1), А (III) АРБИТЕРОТ ЌЕ БИДЕ НАЗНАЧЕН ВО СОГЛАСНОСТ СО СПОМЕНАТИТЕ АРБИТРАЖНИ ПРАВИЛА. СИТЕ ПРАШАЊА ВО ВРСКА СО КАКВА БИЛО АРБИТРАЖА ОД ОВАА ОГРАНИЧЕНА ГАРАНЦИЈА ТРЕБА ДА СЕ ОДВИВААТ ВО НАЈСТРОГА МОЖНА ТАЈНОСТ ШТО Е ДОЗВОЛЕНА СО ЗАКОН. НЕ СМЕЕ ДА СЕ СПОЈУВААТ ИЛИ КОМБИНИРААТ СПОРОВИТЕ МЕЃУ СТРАНКИТЕ, НИТУ ДА СЕ ВКЛУЧУВА ДРУГО ЛИЦЕ ОСВЕН ВАС, БЕЗ ПРЕТХОДНА ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ ОД BLACKBERRY.

Ако живеете во Европа, Блискиот Исток или Африка, оваа Ограничена гаранција ќе биде под владение на законите на Англија и Велс, а Вие се согласувате на арбитража лоцирана во Лондон, Англија, во согласност со Судот за меѓународна арбитража во Лондон. Ако живеете во Азија, оваа Ограничена гаранција ќе биде под владение на законите на Њујорк, а Вие се согласувате за арбитража лоцирана во Њујорк, САД, во согласност со правилата на Судот за меѓународна арбитража во Лондон. Ако живеете во Северна Америка или Јужна Америка, оваа Ограничена гаранција ќе биде под владение на законите на Њујорк и Вие се согласувате за арбитража лоцирана во Њујорк, САД, во согласност со Правилата за трговска арбитража на Американската асоцијација за арбитража.

**Приватност**. Информациите за корисникот што се добиени од BlackBerry ќе бидат користени, обработени, пренесени или откриени во согласност со политиката за приватност на BlackBerry (достапна на *http://www.blackberry.com/legal/privacy.shtml*) за да се извршат услугите од гаранцијата опишани во оваа Ограничена гаранција. Ова може да вклучи земање на ВАШИ информации и на BlackBerry уредот од вршителите на услугата,

овластените дилери, препродавачите и дистрибутерите кои се вклучени во синџирот на надлежност за BlackBerry уредот, врз основа на кој се вршат услуги од гаранцијата, а ВАШИТЕ информации и BlackBerry уредот се пренесуваат до подружниците и филијалите на BlackBerry или вршителите на услуги на BlackBerry.

**Разно**. Доколку постои конфликт меѓу оваа Ограничена гаранција и која било друга гаранција што ВИ е доставена, што е вклучена, без ограничување, во пакувањето на BlackBerry уредот, одредбите во оваа Ограничена гаранција ќе бидат применети од страна на BlackBerry ако постои таков конфликт. Доколку некој услов, одредба или потточка од оваа Ограничена гаранција се сметаат за невалидни, нелегални или неспроведливи, валидноста или применливоста на остатокот од тие услови, одредби или потточки од оваа Ограничена гаранција нема да бидат засегнати.